ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-3625/14
Дата, Data 15-05-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 19 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.3/2025 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници Вечер, Коха и Слободен печат, директорот на претпријатието донесе

# ОДЛУКА

за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

### Член 1

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас објавен во дневните весници Вечер, Коха и Слободен печат на ден 24.04.2025 година, за засновање на работен однос на 4 (четири) извршители на работно место Инкасант-наплатувач КДР0305Б04101 во Одделение за наплата-доомаќинство, Сектор за Наплата – 4 (четири) извршители, се избираат кандидатите:

1. **Дејан Ковачески**
2. **Насир Абазовски**
3. **Сунај Иљазовски**
4. **Агон Рамадани**

### Член 2

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, Записникот од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх. Бр.0401-3625/10 од 13.05.2025 година, и Записникот од извршената селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх.бр.0401-3625/11 од 14.05.2025 година, по Јавен оглас бр.3/2025 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација - Скопје на неопределено време.

**Член 3**

Избраните кандидати ќе засноваат работен однос на ден 26.05.2025 година со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

**Член 4**

Одлуката за избор да се достави до кандидатите и да се објави на интернет страницата и на огласна табла на претпријатието.

**Член 5**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

О б р а з л о ж е н и е

Со одлуката арх.бр.0401-3625/1 од 22.04.2025 година донесена од директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје распишан е Јавен оглас бр.3/2025 за прием на даватели на јавна услуга на неопределено време за работно место Инкасант-наплатувач КДР0305Б04101 во Одделение за наплата-доомаќинство, Сектор за Наплата.

Јавниот оглас бр.3/2025 беше објавен на ден 24.04.2025 година во дневните весници Вечер, Коха и Слободен печат.

Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.3/2025 за вработување на даватели на јавна услуга на неопределено време на ден 13.05.2025 година изврши административна селекција на документите од кандидатите кои аплицирале при што констатира дека на јавниот оглас бр.3/2025 за вработување на даватели на јавна услуга за работното место место Инкасант-наплатувач КДР0305Б04101 во Одделение за наплата-доомаќинство, Сектор за Наплата – 4 (четири) извршители, се пријавиле вкупно 4 (четири) кандидати.

Комисијата од кога ги разгледа документите од кандидатите Дејан Ковачески, Насир Абазовски, Сунај Иљазовски и Агон Рамадани кои аплицирале, ја изврши административната селекција и утврди дека апликациите бр.0401-3625/2 од 07.05.2025 година, бр.0401-3625/4 од 07.05.2025, бр.0401-3625/5 од 07.05.2025 и бр.0401-3625/6 од 07.05.2025 се уредни.

По спроведено интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите предвидени со јавниот оглас, комисијата за селекција на кандидатот изготви Записник арх.бр.0401-3625/11 од 14.05.2025 година со конечна ранг листа со име и презиме на кандидатот со освоени вкупно бодови од сите фази на селекција и му предложи на директорот, согласно член 21 од Законот за работни односи, член

37-м од Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на однесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги, а врз основа на Јавниот оглас бр.3/2025 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејност и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III и подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација -Скопје на неопределено време објавен на ден 24.04.2025 година во дневните весници Вечер, Коха и Слободен Печат, да донесе одлука со која за склучување договор за вработување за работно место Инкасант-наплатувач КДР0305Б04101 во Одделение за наплата-доомаќинство, Сектор за Наплата, ќе се изберат кандидатите:

1. Дејан Ковачески
2. Насир Абазовски
3. Сунај Иљазовски
4. Агон Рамадани

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во депозитивот.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатите
- Сектор човечки ресурси х 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Тони Миновски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • NDËRMARJA PUBLIKE • ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
СКОПЈЕ
SHKUP